СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-6428/71
06.12.2024 година
Кавадарци

# З А П И С Н И К

За работата на 50-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана заденес 06.12.2024 година.

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отвараме 50-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.

На седницата присуствуваат сите 19 советници.

Констатирам дека има кворум за работа и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

За денешната седница доставен е и Записникот од49-та седница на Совет на Општина Кавадарци.

Дали има некои забелешки во однос на Записникот на 49-та Седница.

Ве молам за усвојување на Записникот од претходната седница.Истиот е усвоен.

Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено

Предлог Дневен Ред

1. Предлог-Одлука за измена на распоредот-пренамена на средствата на Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година;
2. Предлог-Програмаза активностите на Општина Кавадарци во областа на јавното зеленило за 2025 година;
3. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на јавна чистота за 2025 година;
4. Предлог-Програма за одржување на јавни санитарни кабини за 2025 година;
5. Предлог-Програма за одржување на фудбалски стадиони за 2025 година во Општина Кавадарци;
6. Предлог-Програма за обележување на сообраќајници со полни и испрекинати линии, пешачки премини, такси постојки, паркинзи и други обележја за регулирање на сообраќајниот режимна територијата на Општина Кавадарци за 2025 година;
7. Предлог-Програма за одржување на јавното улично осветлување на територијата на Општина Кавадарци за 2025 година;

8. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2024 година;
9. Предлог-Одлука за утврдување Нацрт Детален урбанистички план за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНЗА УЕ 9, ДЕЛ ОД БЛОК 9.3, „ГРАДБА ПРОМЕТ", КО КАВАДАРЦИ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ 2023-2028;
10. Предлог-Одлука за донесување на Урбанистички план за село Брушани, КО Брушани, Општина Кавадарци плански период 2020-2030;
11. Предлог-Одлука за донесување на техничка исправка наДетален урбанистички план за УЕ „Рајко Жинзифов„ 2001-2006, Општина Кавадарци за ГП 21.7, ГП 21.8, ГП 21.9, ГП 21.10, ГП 6.14 и ГП 6.15;
12. Предлог-Одлука за донесување Урбанистички Проект со План за парцелација ЗА ГП5.4.132 И ГП 5.4.133 ОД ДУП ЗА УЕ 5, ДЕЛ ОД БЛОК 5.4„МЛАДИНСКИ", КО КАВАДАРЦИ ГРАД, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ( одлука бр. 08-1789/5 од 15.03.2022), со намена А1.1 - станбени куќи - слободностоечки, на КП 10498/1, КП 10498/3, КП 10499/1 КО Кавадарци, општина Кавадарци;
13. Предлог-Програма за Локален економски развој на Општина Кавадарци за 2025 година;
14. Предлог-Програма за развој на невладиниот сектор на Општина Кавадарци за 2025 година;
15. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата за 2025 година;
16. Предлог-Одлука за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2025 година на правно лице;
17. Предлог- Правилник за начинот и постапката за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата за 2025 година на правно лице;
18. Предлог-Програма за одбележување на годишнини и значајни настани и личности во Општина Кавадарци за 2025 година;
19. Предлог-Програма за активностите на општина Кавадарци во промоција на „Комуникација со јавноста" во 2025 година;
20. Предлог-Програма за волонтери во Општина Кавадарци за 2025 година;
21. Предлог-Одлука за поништување на Одлука за усвојување на Финансиски план за 2024 година на ЗЈП „СТАЦИОНАР – ШЕПА" Кавадарци;

22. Финансиски План за 2024 и 2025 година ЗЈП“СТАЦИОНАР – ШЕПА“ Кавадарци, донесен од Управен Одбор на ЗЈП„ СТАЦИОНАР – ШЕПА“ Кавадарци;
23. Предлог-Одлука за давање на трајно користење , без надомест-објект и земјоделско земјиште наЗЈП“СТАЦИОНАР – ШЕПА“ Кавадарци;
24. Предлог-Одлука за давање на трајно користење, без надомест-дел од недвижна ствар -објект на Општинскиотученичкидом „ КРСТЕП. МИСИРКОВ„Кавадарци;
25. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за субвенционирање на ЈП „Комуналец“ Кавадарци со намена за покривање на трошоците за собирање и транспортирање на комунален отпад во отпад во с.Бохула, с.Чемерско, с.Крњево, с.Горна Бошава, с.Долна Бошава, с.Бојанчиште, с.Конопиште, с.Куманичево, с.Страгово, с.Мрежичко и м.в.Мушов Гроб ;
26. Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП „Комуналец“ Кавадарци со намена за покривање на трошоците за собирање и транспортирање на комунален отпад во отпад во с.Бохула, с.Чемерско, с.Крњево, с.Горна Бошава, с.Долна Бошава, с.Бојанчиште, с.Конопиште, с.Куманичево, с.Страгово, с.Мрежичко и м.в.Мушов Гроб ;
27. Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП „Комуналец“ Кавадарци со намена за покривање на трошоци за комунални услуги на граѓани изложени на социјален ризик за 2025 година ;
28. Предлог-Одлука за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година;
29. Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување МАЛВП.бр.72/2024;
30. Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување МАЛВП.бр.83/2024 ;
31. Предлог-Одлука за престанок на важење на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на СОЗШУ „Ѓорче Петров„ Кавадарци;
32. Предлог-Одлука за примање донација – основен проект од Друштво за проектирање, инженеринг, трговија и услуги “ МГ ПРОЕКТ ДООЕЛ“ Скопје;
33. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година;
34. Одлука зараспределба на акумулирана (нераспределена) добивка на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
35. Одлука за ослободување од пресметување на камата за задоцнето плакање е на долг на физички лица корисници на комунални услуги и трошоци во

постапка(судска такса, нотарска награда и нотарски трошок) спроведена пред надлежен суд или нотар, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец Кавадарци;

36. Одлука за утврдување на цена за одржување на јавна чистота за 2025 година, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
37. Одлука за утврдување на цена за одржување на јавно зеленило за 2025 година, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
38. Одлука за утврдување на ценовник за одржување на зелени површини на фудбалски терени во Општина Кавадарци за 2025 година донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
39. Одлука за утврдување на ценовник за одржување на јавни санитарни кабини за 2025 година, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
40. Одлука за утврдување ценовник за одржување на сообраќајни знаци и столбови и одржување на урбана опрема на територијата на Општина Кавадарци за 2025 година;
41. Одлука за утврдување ценовник за одржување на локални патишта, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
42. Одлука за утврдување ценовник за полски патишта, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
43. Одлука за утврдување на ценовник заинтервенции за атмосферска и фекалнаканализација и водоводна линија., донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
44. Одлука за утврдување ценовник за одржување на поплочени улици и прередување на гранитни коцки на територијата на Општина Кавадарци за 2025 година, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
45. Информација донесена од Директорот на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
46. Програма и финансов план на ЈП за превоз на патници„ГРАДСКИ ПРЕВОЗ„ Кавадарци за 2025 година;
47. Правилник за внатрешна организација на ЈОУ Детска Градинка„Рада Поцева„ Кавадарци, донесен од Управен Одбор на ЈОУ Детска Градинка„Рада Поцева„ Кавадарци;
48. Правилник за систематизација наработни места во ЈОУ Детска Градинка„Рада Поцева„ Кавадарци, донесен од Управен Одбор на ЈОУ Детска Градинка„Рада Поцева„ Кавадарци
49. Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности за учебната 2024/2025 година на СОУ Гимназија „Добри Даскалов„Кавадарци;
50. Извештај од работата на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот Кавадарци за 2024 година ;

51. Предлог-Програма на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот Кавадарци за 2025 година ;
   СЕ ИЗЗЕМА од дневниот ред точка Информација за транспорт, складирање и продажба до крајниот потрошувач на огревно дрво на територијата на Општина Кавадарци;ПОНАТАМУ РЕДОСЛЕДНО СЕ МЕНУВА БРОЈОТ НА ТОЧКИТЕ.
52. Предлог-Програма за одржување на сообраќајни знаци и столбови и одржување урбана опрема на територијата на Општина Кавадарци за 2025 година;
   Согласно Деловникот предлагам точка Предлог-Одлука за донесување на Конечен Предлог Детален Урбанистички План за УЕ 11, ДЕЛ ОД БЛОК 11.1,МИЛЕ ВЧКОВ"
   КО КАВАДАРЦИ ГРАД, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, плански период 2020-2025, да биде последна точка од денешниот дневен ред.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа; -Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година за доделување на парична награда на ученици и ментори од основни и средни општински училишта во Општина Кавадарци за посебни постигнувања на државни и меѓународни натпревари.

СогласноДеловникот молам за произнесување по предложената точка од денешниот дневен ред .Кој е за. Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :Предлог-Програма за работа и развој на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџивасилев Јасмин„ Кавадарци за 2025 година, донесена од Управен Одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџивасилев Јасмин„ Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување по предложената точка од денешниот дневен ред .Кој е за. Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа Програма за работа за 2025 година на ДТУРС СКИ ЦЕНТАР МИХАЈЛОВО, донесена од Управен Одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџивасилев Јасмин„ Кавадарци;

Ве молам за произнесување. Кој е за предложената точка од денешниот дневен ред за воведување на истата. Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа-Одлука за склучување на Меморандум за соработка со ЈЗУ Општа

Болница со проширена дејност Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџивасилев Јасмин„ Кавадарци;

Предлагам гласање дали ова точка ќе ја ставиме во денешниот дневен ред. Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа ; Предлог Одлука за склучување на Меморандум за соработка со Територијална Против Пожарна Единица Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџивасилев Јасмин„ Кавадарци;

Предлагам дополнување на предложената точка од денешниот дневен ред. Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :- Одлука за склучување на Меморандум за соработка со ДПТУ „ЈА-МИ„ експорт -импорт ДООЕЛ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџивасилев Јасмин„ Кавадарци;

Произнесување за внесување во денешниот дневен ред. Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа- Предлог-Одлука за склучување на договор за медиумски услуги, донесена од Управен одбор на ЈП ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ.

Точката за внесување во денешниот дневен ред едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа-Предлог-Одлука за примање донација материјални добра и услуги од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци и давање на трајно користење на Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт СКИ ЦЕНТАР МИХАЈЛОВО ДООЕЛ Кавадарци, без надомест.

Ве молам за усвојување. Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа ; Предлог-Одлука за примање донација услуга - ангажирање на градежна механизација за изведување на градежни работи од Друштво за производство, трговија и услуги "ЈА-МИ" експорт- импорт ДООЕЛ Кавадарци и давање на трајно користење на Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт СКИ ЦЕНТАР МИХАЈЛОВО ДООЕЛ Кавадарци, без надомест.

Ве молам за произнесување за оваа точка во денешниот дневен ред. Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа-- Предлог-Одлука за примање на донација материјално добро- градежни материјални и услуга – извршување на градежни работи од Друштво за трговија и услуги "АС МАШИНИ" ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци и давање на трајно користење на Друштво за туризам,

угостителство, рекреација и спорт СКИ ЦЕНТАР МИХАЈЛОВО ДООЕЛ Кавадарци, без надомест.

Едногласно.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа-- Предлог-Одлука за примање на донација услуга – извршување на градежни работи од Друштво за транспорт, трговија и услуги "АНЕЛ-МАГ 97" ДООЕЛ експорт-импорт Кавадарци и давање на трајно користење на Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт СКИ ЦЕНТАР МИХАЈЛОВО ДООЕЛ Кавадарци, без надомест.

Едногласно.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа-- Предлог-Одлука за примање на донација материјално добро градежни материјални и услуга – извршување на градежни работи од Друштво за градежништво и трговија "ГРАДБА ПРОМЕТ" ДОО Кавадарци и давање на трајно користење на Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт СКИ ЦЕНТАР МИХАЈЛОВО ДООЕЛ Кавадарци, без надомест.

Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа ; - Предлог-Одлука за примање на донација услуга – извршување на градежни работи од Друштво за производство, трговија и услуги "ТОМИ ШПЕД" ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци и давање на трајно користење на Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт СКИ ЦЕНТАР МИХАЈЛОВО ДООЕЛ Кавадарци, без надомест.

Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа -Предлог-Одлука за примање на донација материјално добро- градежни материјални и услуга – извршување на градежни работи од Друштво за производство услуги трговија и градежништво МЕПОС- ОПЕРАТИВА Ристо и други ДОО експорт-импорт Кавадарци и давање на трајно користење на Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт СКИ ЦЕНТАР МИХАЈЛОВО ДООЕЛ Кавадарци, без надомест;

Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа

Предлог-Одлука задавање на времено користење на Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт СКИ ЦЕНТАР МИХАЈЛОВО ДООЕЛ Кавадарци, без надомест.

Точката ја ставам на дневен ред. Едногласно усвоена.Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа ;

Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за примање донација материјални добра и услуги од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци

Едногласно усвоена.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа – Предлог-Одлука за проширување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година.

За проширување.И.

Предлог-Одлука за донесување на Конечен Предлог Детален Урбанистички План за УЕ 11, ДЕЛ ОД БЛОК 11.1, „МИЛЕ ВЧКОВ" КО КАВАДАРЦИ ГРАД, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, плански период 2020-2025.

Дали има други предлози, измениза дополнување на вака досегашниот изменет дневен ред. Круме Богевски. Повели Круме.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Благодарам Претседастеле. Денеска на Дневен ред на седницата е поставена точка која се однесува на донесување на Предлог ДУП за Миле Вчков Општина Кавадарци. Сакам да ја искористам оваа прилика да изразам сериозна загриженост и да побарам оваа точка да ја тргнат од дневниот ред од неколку суштински причини. Прво постои основно сомнение за нерегуларности во постапката за донесување на овој Урбанистички План. Согласно информациите доставени од граѓаните Општина Кавадарци останала глува на бројни забелешки од јавноста и покрај тоа што тие укажувале на сериозни потенцијални последици врз животната средина и урбанистичкото уредување. Исто така има наводи за кршење на законските процедури и за непочитување на Законот за урбанистичко планирање. Второ веќе е покрената кривична постапка во ОЈО Кавадарци, чиј предмет е токму предложениот ДУП. Единствено одговорно е да се почека исходот од таа постапка пред да продолжи било каква расправа по предлогот. Дополнително како советници наша основна обврска е да ги штитиме интересите на граѓаните. Граѓаните во овој случај јасно ја изразиле својата загриженост преку поднесување забелешки. Сметам дека би било неодговорно од наша страна да дозволиме донесување на ваков план без претходно да се разјаснат сите нејаснотии и сомневања, затоа повикувајќи се на Законот за Локална Самоуправа и Статутот на Општина Кавадарци барам оваа точка да биде вратена на дополнително разгледување од страна на надлежните комисии и тела, како и да се добие мислење од стручни лица за можните нерегуларности. Само на овој начин ќе можеме да донесиме одлука која е праведна, законска и во интерес на нашите сограѓани.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам колега. Почитувани колеги во однос на излагањето на нашиот колега советник јас ќе ја искористам оваа прилика да земам говор околу појаснувањето на законските и правните дејствија во однос на оваа точка. Значи Министерството за транспорт и врски издаде согласност

за конечен Предлог ДУП дел од БЛОК 11.1 Миле Вчков, КО Кавадарци Град Општина Кавадарци Плански период 2020- 2025 година на 07.11. 2024 година. Градоначалникот на Општина Кавадарци го достави предлогот на Планот во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам до Советот на Општина Кавадарци на ден 20.11.2024 година, согласно член 39, став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање согласно член 39, став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање Претседателот на Советот има законска обврска и должност Предлогот на Планот да го стави на првата наредна седница на Советот на Општина Кавадарци, а Советот е должен да одлучи за истиот на истата седница. Согласно горенаведеното, почитувајќи ги законските определби од Законот за просторно и урбанистичко планирање конечниот Предлог ДУП УЕ 11 дел од Блок 11.1 Миле Вчков К.О. Кавадарци плански регион 2020-2025 е ставен на денешната редовна 50-та Седница на Советот на Општина Кавадарци која е закажана за денес 06.12.2024 година. Советот на Општина Кавадарци може да го донесе, односно да не го донесе Предлогот на Планот доколку смета дека истиот не е изработен согласно законските прописи, во кој случај е должен да донесе одлука со образложение за контатирана неправилност поради која Предлог Планот е недонесен. Во случај кога е донесена одлука со образложение за констатирана неправилност поради која Предлог Планот не може да биде донесен Градоначалникот на општина е должен во рок од 3 работни денови од одржување на седницата на советот да го достави Предлог Планот и донесената јавна одлука во електронска форма преку информациски систем е-урбанизам до органот за државна управа кој е надлежен за вршење на работите во областа на уредување на просторот, а органот е должен во рок од 10 работни дена да ги провери наодите од образложението на нашата одлука, односно од одлуката на констатирана неправилност и доколку утврди дека истите се основани да ја поништи дадената согласност и да го извести изработувачот на Планот, а доколку утврди дека истите се неосновани повторно да го достави предлогот на Планот до општината во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам. Урбанистичкиот План се смета за донесен доколку одлуката за донесување на урбанистички план ја гласаат најмалку една третина од вкупниот број на членови на Советот на општината, а притоа нивниот број да не е помал од бројот на членовите на Совет кои гласале против одлуката за донесување на Урбанистичкиот План.Ова е извадено од Деловник и од Закон. Предлогот на нашиот колега Круме Богевски за изземање на последната точка од денешниот Дневен ред ја ставам на гласање. Кој е против предлогот на Круме за изземање на оваа точка од денешниот дневен ред. 12.3 воздржани.И 1 за.

Почитувани колеги дали има други предлози за вака денешниот изменет дневен ред. Нема. Со тоа пристапуваме кон реализација на

денешниот дневен ред од нашата редовна 50 седница на Советот на Општина Кавадарци. Целиот Дневен ред се извинувам го ставам на гласање. Се извинувам. 1 против, останатите за. 18 за.

1. Предлог-Одлука за измена на распоредот-пренамена на средствата на Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година;

Прва точка од денешната 50 редовна седница на Советот на Општина Кавадарци. Почитувани колеги повелете претрес. Дали бара некој збор. Бидејќи никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

2. Предлог-Програмаза активностите на Општина Кавадарци во областа на јавното зеленило за 2025 година;

Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

3. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на јавна чистота за 2025 година;

Трета точка од денешниот дневен ред. Точката ја ставам на гласање. Едногласно.

4. Предлог-Програма за одржување на јавни санитарни кабини за 2025 година;

4-та точка од денешниот дневен ред.Едногласно.

5. Предлог-Програма за одржување на фудбалски стадиони за 2025 година во Општина Кавадарци;

5-та точка од денешниот дневен ред. Почитувани колеги ве молам за гласање. Едногласно.

6. Предлог-Програма за обележување на сообраќајници со полни и испрекинати линии, пешачки премини, такси постојки, паркинзи и други обележја за регулирање на сообраќајниот режимна територијата на Општина Кавадарци за 2025 година;

6-та точка од денешниот дневен ред. Точката ја ставам на гласање.Кој е за. Едногласно.

7. Предлог-Програма за одржување на јавното улично осветлување на територијата на Општина Кавадарци за 2025 година;

Тоа е 7-та точка од денешниот дневен ред. Едногласно.

8. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2024 година;

Тоа ни е 8-та точка од денешниот дневен ред. 1 воздржан. Останатите за заедно со Амандманот.Да за оваа точка има амандман. Заедно со амандманот.

9. Предлог-Одлука за утврдување Нацрт Детален урбанистички план за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНЗА УЕ 9, ДЕЛ ОД БЛОК 9.3, „ГРАДБА ПРОМЕТ“, КО КАВАДАРЦИ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ 2023-2028;

9-та точка од денешниот дневен ред. Отварам претрес по оваа точка.Дали некој бара збор.Нема расправа. 18 за. 1 против.

10. Предлог-Одлука за донесување на Урбанистички план за село Брушани, КО Брушани, Општина Кавадарци плански период 2020-2030;

1 воздржан. 18 за.

11. Предлог-Одлука за донесување на техничка исправка наДетален урбанистички план за УЕ „Рајко Жинзифов„ 2001-2006, Општина Кавадарци за ГП 21.7, ГП 21.8, ГП 21.9, ГП 21.10, ГП 6.14 и ГП 6.15;

Тоа ни е 11- та точка од денешниот дневен ред. Едногласно.

12. Предлог-Одлука за донесување Урбанистички Проект со План за парцелација ЗА ГП5.4.132 И ГП 5.4.133 ОД ДУП ЗА УЕ 5, ДЕЛ ОД БЛОК 5.4„МЛАДИНСКИ“, КО КАВАДАРЦИ ГРАД, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ( одлука бр. 08-1789/5 од 15.03.2022), со намена А1.1 - станбени куќи - слободностоечки, на КП 10498/1, КП 10498/3, КП 10499/1 КО Кавадарци, општина Кавадарци;

Точката ја ставам на гласање. Дали некој бара збор. Никој не бара збор. 1 воздржан. Останатите за.18 за.

13. Предлог-Програма за Локален економски развој на Општина Кавадарци за 2025 година;

Едногласно усвоена.

14. Предлог-Програма за развој на невладиниот сектор на Општина Кавадарци за 2025 година;

14-та точка од денешниот дневен ред. Едногласно.

15. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата за 2025 година;

Тоа е 15-та точка од денешниот дневен ред. Едногласно.

16. Предлог-Одлука за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2025 година на правно лице;

Тоа е 16-та точка од денешниот дневен ред. Повели Круме. 16 точка претрес.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Врзани се сите 3 точки, ама по таа ќе зборувам. Начинот на кој што Општина Кавадарци го делегира огранизацискиот капацитет за јавни настани, посебно за манифестации како Тиквешкиот Гроздобер и таа пракса се повторува со години е навистина загрижувачки. Иако Програмата за култура за 2025 година ја потенцира важноста на овие настани за културниот развој сведоци сме на тренд кој го одалечува нивниот карактер од оригиналната цел, односно славење на работничкиот, лозарскиот труд, културата и заедницата. Проблемот

со делегирањето се сведува на тоа што со години гледаме на организацијата на Тиквешкиот Гроздобер и други манифестации е делигирана на приватна компанија која редовно е една иста. Ова создава перцепција на монопол и спротивно на принципите за транспарентност и фер конкуренција. Резултатот е дека настаните се искомерцијализирани, а вистинската културна вредност и симболиката на заедништво се губат. Комерцијализацијата на јавниот простор, значи просторот каде што се одржуваат овие манифестации е целосно под контрола на угостителските субјекти кои наплаќаат високи цени за резервација на маси. Ова ги исклучува локалните граѓани и лозари, главните носители на културата на овој регион кои често немаат можност да учествуваат поради високите трошоци. Способноста на Општината, силна општина не смее да се повикува на приватни субјекти за организација на културни манифестации. Општина Кавадарци со буџет кој што е поголем од останатите општини со истиот обем, односно 12,5 000 000 денари за култура за 2025 година има доволно ресурси и капацитети да ги организира овие настани. Веќе имаме инфраструктура, кадар и стручни лица кои можат да ја водат организацијата без потреба од приватен посредник. Враќање кон автентичноста е исто така важен аспект. Овие настани треба да се организираат со активна вклученост на локалното население, лозари и културни организации. Програмата за култура експлицитно се залага за афирмација на културниот идентитет и традиционалните вредности. Делегирањето на овие активности на приватен интерес го разнишува овој фундаментален принцип. Предлагам Советот на Општина Кавадарци да донесе одлука за враќање на организацијата на културните настани под директна ингеренција на Општината. Веќе сме слушнале оправданија зошто Општината не би можела да ги организира овие настани, но имајќи предвид дека јавните претпријатија и културните институции основани од Општината може да основаат ДООЕЛ верувам дека и тие пречки можат да бидат надминати. Со тоа би се обезбедило транспарентност и отчетност во трошењето на јавните средства, вклученост на сите граѓани без финансиски бариери, враќање на автентичниот дух на културните манифестации. Нашата Општина има обврска да ги зачува вредностите на заедницата. Дозволувањето на приватни субјекти да доминираат во организирањето на јавни настани значи дека сме се откажале од една од најважните обврски, да бидеме глас и поддршка на нашите граѓани.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Дали некој друг бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. 16- та точка од денешниот дневен ред. Ве молам кој е за. 12 за. Против 6.

17. Предлог- Правилник за начинот и постапката за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата за 2025 година на правно лице;

Точката ја ставам на гласање. Ве молам кој е за. 12 за. 6 против.

18. Предлог-Програма за одбележување на годишнини и значајни настани и личности во Општина Кавадарци за 2025 година;

Точката ја ставам на гласање. Едногласно.

19. Предлог-Програма за активностите на општина Кавадарци во промоција на „Комуникација со јавноста“ во 2025 година;

Заедно со Амандманот. Едногласно.

20. Предлог-Програма за волонтери во Општина Кавадарци за 2025 година;

Тоа е 20-та точка од денешниот дневен ред. Едногласно.

21. Предлог-Одлука за поништување на Одлука за усвојување на Финансиски план за 2024 година на ЗЈП „СТАЦИОНАР – ШЕПА“ Кавадарци;

21-та точка од денешниот дневен ред. Едногласно усвоена.

22. Финансиски План за 2024 и 2025 година ЗЈП“СТАЦИОНАР – ШЕПА“ Кавадарци, донесен од Управен Одбор на ЗЈП„ СТАЦИОНАР – ШЕПА“ Кавадарци;

22-та точка од денешниот дневен ред. 12 за. Воздржани ве молам. 6.

23. Предлог-Одлука за давање на трајно користење , без надомест -објект и земјоделско земјиште наЗЈП“СТАЦИОНАР – ШЕПА“ Кавадарци;

23- та точка од денешниот дневен ред. Ве молам. Едногласно.

24. Предлог-Одлука за давање на трајно користење, без надомест-дел од недвижна ствар -објект на Општинскиотученичкидом „ КРСТЕП. МИСИРКОВ„Кавадарци;

24-та точка од денешниот дневен ред. Едногласно.

25.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за субвенционирање на ЈП „Комуналец“ Кавадарци со намена за покривање на трошоците за собирање и транспортирање на комунален отпад во отпад во с.Бохула, с.Чемерско, с.Крњево, с.Горна Бошава, с.Долна Бошава, с.Бојанчиште, с.Конопиште, с.Куманичево, с.Страгово, с.Мрежичко и м.в.Мушов Гроб ;

Точката ја ставам на гласање. Ве молам кој е за. Едногласно.

26. Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП „Комуналец“ Кавадарци со намена за покривање на трошоците за собирање и транспортирање на комунален отпад во отпад во с.Бохула, с.Чемерско, с.Крњево, с.Горна Бошава, с.Долна Бошава, с.Којанчиште, с.Конопиште, с.Куманичево, с.Страгово, с.Мрежичко и м.в.Мушов Гроб ;

26- та точка од денешниот дневен ред. Едногласно.

27. Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП „Комуналец“ Кавадарци со намена за покривање на трошоци за комунални услуги на граѓани изложени на социјален ризик за 2025 година ;

27-ма точка од денешниот дневен ред, заедно со Амандманот . Едногласно.

28. Предлог-Одлука за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година;

28-та точка од денешниот дневен ред. Едногласно.

29. Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување МАЛВП.бр.72/2024;

29-та точка. Ве молам. 13 за. Воздржани. 5 воздржани.

30. Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување МАЛВП.бр.83/2024;

6 воздржани. 12 за.

31. Предлог-Одлука за престанок на важење на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на СОЗШУ „Ѓорче Петров„ Кавадарци;

31-ва точка од денешниот дневен ред. Повели Круме. Значи 31-ва точка.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Благодарам Претседателе. Објектот во Михајлово беше даден на Средното Училиште Ѓорче Петров со намера да биде користен за образовни цели што е несомнено едно од најдобрите употреби на еден јавен имот. За жал училиштето не успеа да го оплемени и да го стави во функција, а објектот со текот на времето остана запуштен, изложен на забот на времето. Ја разбирам иницијативата на Општина Кавадарци да го превземе назад објектот, бидејќи тоа претставува чекор кој може да ја поправи ситуацијата, да го стави објектот во активна употреба. Сепак мојата подршка завршува тука. Доколку понатамошната намера на власта е да го даде овој објект под закуп на приватен субјект тоа би било јасен показател на немоќ и неспособност за стопанисување со јавните добра. Сметам дека соодветно решение би било објектот да биде предаден на ЈП Јасмин кој може да го оплемени и да го користи за обезбедување на услуги на посетителите на Ски Центарот Михајлово. Таквиот пристап би

осигурал дека објектот останува под јавна контрола и во служба на граѓаните. Дополнително сведоци сме на ситуации во кои објекти првично се даваат под закуп, но подоцна завршуваат во раце на приватни субјекти преку процесно отуѓување. Ова не се само теоретски сценарија, напротив претходната година бевме сведоци на намера за отуѓување на објект кој во моментов е под закуп, бидејќи приватни субјекти му се имаа намерачено. Подоцна власта за среќа за отуѓување на вилата во Моклиште. Ова пракса ја распродава нашата заедничка јавна сопственост и го остава јавниот сектор немоќен да управува со средствата кои се од суштинско значење за идните генерации, генерации кои би биле способни да го оплеменат просторот. Во интерес на транспарентноста и одговорното управување барам од надлежните органи да дадат гаранција дека овој објект ќе остане во сопственост на Општината или ќе биде доделена на јавна институција за користење во јавен интерес.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Дали има други за дискусија. Доколку нема, точката ја ставам на гласање. Кој е за. 1 против. 17 за.

32. Предлог-Одлука за примање донација – основен проект од Друштво за проектирање, инженеринг, трговија и услуги " МГ ПРОЕКТ ДООЕЛ" Скопје;

32-та точка од денешниот дневен ред. Исто. 17 за. 1 против.

33. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година;

За лекување. Едногласно.

34. Одлука зараспределба на акумулирана (нераспределена) добивка на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Вуко Мелов. 34- та точка од денешниот дневен ред.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани пред нас е Одлуката зараспределба на акумулирана (нераспределена) добивка на ЈП„Комуналец Кавадарци. Ова е стандард точка која што ја носи Советот на Општина Кавадарци секоја година и не знам која е целта и поентата, освен прикажување на една лажна слика уште на самиот почеток во делот на креирањето на буџетот. Имено Општина Кавадарци како основач на ЈП-ја под нејзина надлежност има право сите генерирани добивки да на крајот да ги собере и си врате назад во општинскиот буџет и тоа не би било спорно ако ЈП навистина остварува добивка како што тоа било случај во минатото. Имено сведоци сме дека посебно во изминативе 2, 3 години station назад самото ЈП постојано се соочува со одредени проблеми кои се пред се од финансиски карактер, затоа неколку пати имавме зголемување на цени на она што претставува комунални

услуги, зголемување на цена на износ на смет, која што од 1,1 стигна до 2,5 денара, зголемување на цена на вода која што е дуплирана во изминативе неколку години, зголемување на цена на јавно зеленило и зголемување на цена на јавна чистота и гледаме дека ЈП пак кубури со финансиски средства, што значи дека уште во старт знаеме дека истото не може да генерира дополнителни финансиски средства за да може да ги трансферира овие финансиски средства во буџетот на Општина Кавадарци со што однапред сами себеси претставуваме една лажна слика во однос на обемноста на буџетот и во однос на она што може да го очекуваме како испорака преку програмите, односно преку расходниот дел и во дел на капитални инвестиции и во дел на другите расходни програми.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Советниче вашата загриженост према Општината и према ЈП Комуналец ја оправдувам како загриженост. Ни не бараме добивка од идни години, си ја бараме акумулираната добивка од минати години, така да ако претпријатието направе повеќе приходи оваа година има можност да од минати години исплате од акумулирана добивка. Тоа може да се случе по два основа не како што лажираш и кажуваш дека ќе се покачат цени на вода, на комунална чистота, хигиена, ѓубрарнина, него во моментот има 5 МХЕЦ ЈП, од 4 сега се 5 и се на отворен пазар на Купекс и ако декември месец задржат цена од 200 евра, јануари и февруари ако отиде 300 или 400 евра mw/h ел. енергија ЈП ќе направе добивка од 600 000 евра за два месеца, така да реални шанси постојат, не е илузија. Ако не направе добивка нема да ја земиме . Второ тоа 1,1 со 2,5 , не го враќај времето назад. 2017 година платата беше 20 000 сега е 40 000 нето, горивото беше 35, сега е 75. Сите услуги по однос на било која услуга, дали се резервни делови, енергија, репроматеријали се двојно, тројно покачени.Бидете тука објективни и реални, значи плативе се ваша заложба и политика беше платата да ја донесите 500 евра минимална плата бе човек. И на крајот Регулаторна Комисија ја утврдува минималната и максималната цена на водата, а од наредната година би бил среќен доколку и комуналиите ги утврдува Регулаторна Комисија за да немаме право тука да се нагодуваме и пак ќе ти кажам дека не поентираш тука воопшто, затоа што ако се воведе законот за селекција на отпадот и регионалните депонии и пристапниот пат кон ЕУ треба уште сега да му кажеме на граѓаните дека сметките ќе му бидат 4 пати покачени од овој момент . Ни правиме само собирање и фрлање на отпадот и покриваме трошок . Ако селектираме, рециклираме и носат на регионална депонија трикратно ќе се зголемат сметките и на крајот ако ја имплементираме и филтер станицата, односно прочистителната станица на колекторот и таму ќе се покачат двојно м3 вода по однос на прочистителна станица. Тоа се работи кои што светскиот тренд на развој на екологијата, досега зборувате за загаден воздух, за екологија, сега од друга страна зборуваме дека скапо е. Нема поскапо нешто од екологијата и ќе дојде денот кога тоа ни мора

да го спроведиме и ќе го спроведиме објективно, чесно и транспарентно кажано на граѓаните . Во еден дел не се согласувам само во наплатувањето на комуналната такса за комунален отпад по м2 за покриен и отворен простор и тоа ќе се испегла кога ќе се направат регоналните депонии, ќе си плате секој кој колку што праве отпад. Сега плаќаме паушал, секој по м2, без разлика дали живеат ррујца, пет или петнаесет луѓе во куќа, ама и тоа се усогласи со Регулаторна Комисија и така да тука немаме резон да дискутираме на таа тема, а по однос на акумулираната добивка ако се случе тоа со енергетиката и со цената на купекс mw/h и кога спииш ти и граѓаните нашето претпријатие праве пари од струја.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Нема ништо лажирано во мојот одговор. Финансиските средства као акумулирана добивка ги планирате 7 години наназад и речиси и да немате никаква реализација посебно минатата година имавме 0 реализација на оваа акумулирана добивка од страна на ЈП, а тоа е затоа што ЈП кубури само со финансиски средства и покрај сите, значи нема никакво лажирање само укажувам на тоа дека проценката не ви е реална и таман работа ако се надеваме дека цените на берзите, посебно во временски период коа Македонија увезува струја тоа е декември, јануари, февруари, благодарејќи исто на Владата и на почитуваниот од твоја страна премиер Христијан Мицковски кој што ја укина субвенцијата за ел. енергија, така да тоа пак од друга страна ако е добро за ЈП ќе го погоди директно џебот на граѓаните, односно граѓаните така да јас не би посакувал такво сценарио да ни се случи. Проценката не е реална која што ја правите во делот на приходите бидејќи Општината не ги остварува тие приходи од ЈП, бидејќи ЈП кубури со финансиски средства, нема лажирање, се што набројав од зголемување на цени го направивте во изминативе 7 години, а голем дел од тие зголемувања ги направивте и во нашиот мандат минатата година . Во однос на Регулаторна Комисија, Регулаторната Комисија утврдува цена на вода врз основа на финансиска конструкција и финансиски податоци што ги доставувате вие како ЈП, тие зависат директно од менаџирањето на ЈП.
СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Почитувани колеги советници во врска со Одлуката за распределба на акумулирана добивка точно е претходниот соговорник што кажа значи претходната година поистата не беше реализирана, односно исплатено кон Општината, затоа што ЈП значи минатата година имаше голема инвестициона програма, значи водоводни и канализациони водоводни атмосферски линии се изградија како никогаш досега, значи вработените согласно Колективните договори ЈП ги испочитува насоките дадени односно, договорите што се потпишани, ги зголеми платите каде што сега секој вработен во ЈП Комуналец е задоволен од својата плата, а не како претходно да не можеме на оглас да најдиме вработени за, знаеме кои работи ги работат работниците во Комуналец, најниските и најтешките работи, работниците се покриени со ХТЗ опрема и ЈП, значи Комуналец додека има инвестициона програма,

ги задоволува вработените, а со тоа ги задоволува и граѓаните на Кавадарци и со самата одлука така е наведено доколку во кешфлоуто, односно во паричниот тек нема вишок на средства тогаш таа акумулирана добивка нема да биде исплатена. Одлуката за тоа е доставена повторно сега, доколку ЈП како што кажа претходно и Градоначалникот добие вишок на средства кои што реално нема да бидат наменети во инвестициона програма основачот согласно Законот за јавни претпријатија може истата да ја земе, односно како негов основач да си ја превземе и со тоа пак Општината да си ја ставе во своја инвестициона програма за нели реализација на планевите и програмите за развој на Општина Кавадарци.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Само една кратка реплика кон советникот . Во делот на, постојано се спомнува делот на инвестиционата програма минатата седница на Совет или предмината го имавме Финансискиот Извештај и Кварталниот Извештај во однос на 9 месечното работење на ЈП Комуналец и ако ја видете расходната структура ќе видете дека помалце од 5, 6 % или 7% не се сеќавам точно на процентот од вкупните е издатокот за инвестиции во однос на вкупните расходи кои што ги прави ЈП. Околу 70% се плати и се незнам новогодишен надомест, регрес и сл. дел се за тековни материјални трошоци, гориво и такви работи, во делот на инвестиции имаат 5 до 6 % и тоа е таа голема инвестициона програма која што ја има ЈП само за да бидат информирани граѓаните.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Само реплика една од место. Значи реплика. Во претходниот извештај што го кажува колегата советник. Тоа се приходи и трошоци. Таму не се гледа инвестиционата програма значи. Инвестиционата програма се гледа основни средства односно класата 0, а точно е да што кажавте е зголемен трошокот за плати и за ХТЗ опрема и за регрес бидејќи ЈП како што кажав претходно вложува повеќе во вработените, односно да бидат тие задоволни бидејќи како што кажав и претходно ги вршат најтешките работи што никој не сака да ги работи.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Се гледа во расходниот дел, во делот на потрошени суровини и материјали. Делот на опрема ја набавува ЈП, пред некој ден видов дека има одредена опрема направено преку кредит и тоа ви се води као долгорочна обврска по основ на кредити .

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи едно мое гледиште во однос на функционирање на ЈП Комуналец. Во тек на вчерашниот ден извршивме прием на трите метларки кои се слагам дека еве од таа кредитна линија која не е затворена во однос на градежни и машини кои се наменети за собирање на смет, потоа цистерна една голема колку што имам информација треба во текот на почетокот на 25-та година да дојде. Јас сметам дека да се земе кредит, да се купе машина за да се подобре јавната чистота во градот , прво не е грев, голема доблест, а да не заборавиме во однос на хигиената и во однос на чистотата во Македонија сме едни од најдобрите општини, ако не и најдобра. Во

однос на функционирање да градежните активности ги издаваме на трети фирми приватни градежни кои ќе го остваруват тоа што го прави Комуналец јас се надевам дека цената на изведбата ќе биде многу поскапа и врз трошокот на Општината и на граѓаните , така да по начинот на изведба на Комуналец во однос само на нивните градежни активности, хигиена, јавно зеленило, одржување мислам дека во однос на функционирањето секогаш може повеќе, а задолжувањето во инвестициони програми и земање на кредити секогаш си го прават својот бенефит за градот. Да не заборавиме ние земавме кредит и за Градскиот Зелен Пазар од Зелен Пазар пред 7 години знаеме како беше, сега функционира на едно многу повисоко ниво . Се зема кредитот, се врати . Па добро, се враќа. Ниедна рата досега не е невратена. Исто ќе биде и сега, значи кога се зема кредит за реализирање на капитални објекти и за капитални машини сметам дека е голем бенефит и на крај, краева функцијата на Комуналец не е да праве добивки, пари, функцијата на Комуналец е да биде на позитивна 0. Од народот за народот.Значи финансиските средства како што кажа и самиот Градоначалник не се фиктивно ставени, беа од очекуваните приливи кои се врз основа на МХЕЦ кои претходните гарнитури во овие 20 години мислеле и на благодетот на Лукар, каде што од висинска разлика доаѓа водата е наш благодет и една од ретките општини од каде што можеме да добиеме приход врз основа на варијација на цената на струјата според Купекс . Така да сметам дека од тој поглед тоа е благодет наш за разлика од голем број други општини каде што струјата преку пумпи водоснабдувањето го прават, кое што знеме колку е тешко и која е цената што ја плаќаат пред се нивните жители.

Точката ја ставам на гласање. Кој е за. 11 за. 4 против. 1 воздржан.

35. Предлог Одлука за ослободување од пресметување на камата за задоцнето плакање е на долг на физички лица корисници на комунални услуги и трошоци во постапка(судска такса, нотарска награда и нотарски трошок) спроведена пред надлежен суд или нотар, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец Кавадарци;

35-та точка. 17 за. 1 воздржан.

36. Предлог Одлука за утврдување на цена за одржување на јавна чистота за 2025 година, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

1 Воздржан. Останатите за.

37. Предлог Одлука за утврдување на цена за одржување на јавно зеленило за 2025 година, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Исто. 1 Воздржан. 17 за.

38. Предлог Одлука за утврдување на ценовник за одржување на зелени површини на фудбалски терени во Општина Кавадарци за 2025 година донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

38-ма точка од денешниот дневен ред. 1 воздржан. 17 за.

39. Предлог Одлука за утврдување на ценовник за одржување на јавни санитарни кабини за 2025 година, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Сакам тука да упатам една информација од директорот. Директоре бевме сведоци на социјалните мрежи за уништување на овие јавни санитарни кабини. Дали како ЈП и како Општина извршивте пронаоѓање и како за заштита на тие јавни кабини имате превземено некои дејанија и дејствија. ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ГОЦЕ АНГЕЛОВ: За жал тие санитарни кабини се почесто се уништуваат од страна на несовесни граѓани. Ние имаме обврска да пристапиме кон санирање на сите оние дефекти кои што ги прават овие несовесни луѓе. Сите оштетувања се пријавени во Полициската Станица, сите оштетувања се надевам дека ќе ги најдат сторителите. Нас единствено обврска ни е да вршиме постојано санација и реконструкција на сите овие оштетени санитарни кабини. Така да во најкраток рок, не подолу од 24 часа се санираат сите овие штети. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Точката ја ставам на гласање. 39 - та точка. Кој е за. 17 за. 1 воздржан.

40. Предлог Одлука за утврдување ценовник за одржување на сообраќајни знаци и столбови и одржување на урбана опрема на територијата на Општина Кавадарци за 2025 година;

Исто. 17 за. 1 воздржан

41. Предлог Одлука за утврдување ценовник за одржување на локални патишта, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

1 воздржан. 17 за.

42. Предлог Одлука за утврдување ценовник за полски патишта, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Исто. 1 воздржан. 17 за.

43. Предлог Одлука за утврдување на ценовник заинтервенции за атмосферска и фекалнаканализација и водоводна линија., донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

1 воздржан. 17 за.

44. Предлог Одлука за утврдување ценовник за одржување на поплочени улици и прередување на гранитни коцки на територијата на Општина Кавадарци за 2025 година, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

1 воздржан. 17 за.

45. Информација донесена од Директорот на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Во ред. Ок.

46. Програма и финансов план на ЈП за превоз на патници„ГРАДСКИ ПРЕВОЗ„ Кавадарци за 2025 година;

46-та точка од денешниот дневен ред. Повели Вуко.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Во врска со претпријатието за јавен превоз мислам има реална потреба и барање од страна на граѓаните за покрај овие градски линии за воспоставување и на меѓуградски линии. Пред седницата разговарав со директорот конкретно барањето кое што стигнува од страна на граѓаните до мене е за воспоставување на меѓуградска линија Кавадарци Неготино. Пред седницата со директорот разговарав и ми потврди дека има интенција да таа работа се реализира, заради фактот што голем број на наши граѓани патуваат и на граѓани на Општина Неготино се ангажирани се ангажирани работно во Општина Кавадарци, а трошоците за патување, посебно оние кои што не патуваат со сопствени возила се големи и мислам дека ќе претставува едно сериозно олеснување ако се успее да се убрза таа постапка и да имаме што е можно во побрз можен рок таква линија на релација Кавадарци, Неготино.
ДИРЕКТОР НА ЈП ГРАДСКИ ПРЕВОЗ АЛЕКСАНДАР ЃОРЃИЕВ: Добар ден на сите. Врз основа на барањето од група граѓани што ги спомна сега советникот сакам да кажам дека веќе оваа линија е аплицирана во месец 11 оваа година и се надеваме на исход во кој ќе ни дадат одобрение и дозвола за да почниме да се обраќаме на линија Кавадарци, Неготино и со тоа планираме од месец јануар да ја ставиме во нашите официјални возни редови, со што ова барање ќе биде исполнето од граѓаните.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ:Точката ја ставам на гласање. Кој е за. 46-та точка. Едногласно.

47. Правилник за внатрешна организација на ЈОУ Детска Градинка„Рада Поцева„ Кавадарци, донесен од Управен Одбор на ЈОУ Детска Градинка„Рада Поцева„ Кавадарци;

47-та точка од денешниот дневен ред. Точката ја ставам на гласање. Ве молам за гласање. Кој е за. 5 воздржани. Останатите за.

48. Правилник за систематизација наработни места во ЈОУ Детска Градинка„Рада Поцева„ Кавадарци, донесен од Управен Одбор на ЈОУ Детска Градинка„Рада Поцева„ Кавадарци.

48-ма точка. 5 воздржани. Останатите за.

49. Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности за учебната 2024/2025 година на СОУ Гимназија „Добри Даскалов„Кавадарци;

49-та точка од денешниот дневен ред. Едногласно.

50. Извештај од работата на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот Кавадарци за 2024 година ;

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Благодарам Претседателе. Извештајот детален структуирано ги прикажува сите активности реализирани од

страна на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во текот на 2024 година . Посебно се истакнуваат превентативните и едукативните акции спроведени во соработка со различни локални и регионални институции. Овие активности вклучително соработка со образовните институции, локалните медиуми и техничките прегледи покажуваат сериозност и посветеност во подигнувањето на безбедноста на сообраќајот. Позитивни аспекти кои би ги издвоил се тоа што има разновидност на активности. Во извештајот се истакнати бројни акции, како што се превентивните кампањи за безбедност, едукативни програми за деца и млади, како и јавните кампањи за подигнување на свеста кај возачите и пешаците и возачите. Вклучувањето на локалните медиуми ја нагласува важноста на транспарентноста и јавната промоција на активностите, посветеноста. Волонотерството е така корисен аспект со фактот дека членовите на Општинскиот Совет за безбедноста на сообраќајот на патиштата работат со ограничени средства, но сепак успеваат да реализираат богата програма заслужува пофалба. Посебно би сакал да истакнам дека активностите на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Кавадарци се споредливо поактивни и поразновидни од оние во други општини во Р. Македонија што е за секоја пофалба. Советот демонстрира високо ниво на организација и општествена одговорност. Имам единствена препорака, а тоа е дека една од можностите за подобрување се однесува на мерењето на ефективноста на спроведените активности, иако извештајот детално ги наведува активностите и соработките, недостигаат метрики кои би укажале на тоа дали нивната работа влијаела на подобрување на безбедноста во сообраќајот . За идниот извештај препорачувам да се вклучат податоци за мерење на резултатите како што би биле број на сообраќајни прекршоци во 2023 година во однос на 2024 година, број на сообраќајни незгоди пред и по одржување на кампањите, фидбек од граѓаните преку анкети за перцепција на безбедноста на патиштата . Ваквите метрики би овозможиле пообјективно да се оцени влијанието на активностите на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата и да се идентификуваат дополнителните области за подобрување.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Точката 50-та ја ставам на гласање. Едногласно.

51. Предлог-Програма на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот Кавадарци за 2025 година ;

51-ва точка од денешниот дневен ред. Едногласно.

52. Предлог-Програма за одржување на сообраќајни знаци и столбови и одржување урбана опрема на територијата на Општина Кавадарци за 2025 година;

Едногласно.

53. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година за доделување на парична награда на ученици и ментори од основни и средни општински училишта во Општина Кавадарци за посебни постигнувања на државни и мегународни натпревари.

Колку за ваша информација од буџетот на Општина Кавадарци за оваа намена беа издвоени околу 900 000 денари за 24-та година. Истата Предлог програма за буџетот влезена е и за 2025 година.

54. Предлог-Програма за работа и развој на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџивасилев Јасмин„ Кавадарци за 2025 година, донесена од Управен Одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџивасилев Јасмин„ Кавадарци;

Точката ја ставам на гласање. Ве молам кој е за. Едногласно.

55. Програма за работа за 2025 година на ДТУРС СКИ ЦЕНТАР МИХАЈЛОВО, донесена од Управен Одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџивасилев Јасмин„ Кавадарци;

Едногласно.

56.Предлог -Едногласно.

57.Предлог Одлука за склучување на Меморандум за соработка со Територијална Против Пожарна Единица Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџивасилев Јасмин„ Кавадарци;

Едногласно.

58. Предлог -Одлука за склучување на Меморандум за соработка со ДПТУ „ЈА-МИ„ експорт -импорт ДООЕЛ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџивасилев Јасмин„ Кавадарци;

1 против. Останатите за.

59. Предлог -Одлука за склучување на договор за медиумски услуги, донесена од Управен одбор на ЈП ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ.

Едногласно.

60. Предлог-Одлука за примање донација материјални добра и услуги од Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци и давање на трајно користење на Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт СКИ ЦЕНТАР МИХАЈЛОВО ДООЕЛ Кавадарци, без надомест.

1 против. Останатите за.

61. Предлог-Одлука за примање донација услуга - ангажирање на градежна механизација за изведување на градежни работи од Друштво за производство,

трговија и услуги "ЈА-МИ" експорт- импорт ДООЕЛ Кавадарци и давање на трајно користење на Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт СКИ ЦЕНТАР МИХАЈЛОВО ДООЕЛ Кавадарци, без надомест.

1 против. Останатите за.

62. Предлог-Одлука за примање на донација материјално добро- градежни материјални и услуга – извршување на градежни работи од Друштво за трговија и услуги "АС МАШИНИ" ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци и давање на трајно користење на Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт СКИ ЦЕНТАР МИХАЈЛОВО ДООЕЛ Кавадарци, без надомест.

Точката ја ставам на гласање. 1 против. Останатите за.

63. Предлог-Одлука за примање на донација услуга – извршување на градежни работи од Друштво за транспорт, трговија и услуги "АНЕЛ-МАГ 97" ДООЕЛ експорт-импорт Кавадарци и давање на трајно користење на Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт СКИ ЦЕНТАР МИХАЈЛОВО ДООЕЛ Кавадарци, без надомест.

1 против. Останатите за.

64. Предлог-Одлука за примање на донација материјално добро градежни материјални и услуга – извршување на градежни работи од Друштво за градежништво и трговија "ГРАДБА ПРОМЕТ" ДОО Кавадарци и давање на трајно користење на Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт СКИ ЦЕНТАР МИХАЈЛОВО ДООЕЛ Кавадарци, без надомест.

1 против. 16 за.

65. Предлог-Одлука за примање на донација услуга – извршување на градежни работи од Друштво за производство, трговија и услуги "ТОМИ ШПЕД" ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци и давање на трајно користење на Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт СКИ ЦЕНТАР МИХАЈЛОВО ДООЕЛ Кавадарци, без надомест.

1 против. 16 за.

66. Предлог-Одлука за примање на донација материјално добро- градежни материјални и услуга – извршување на градежни работи од Друштво за производство услуги трговија и градежништво МЕПОС- ОПЕРАТИВА Ристо и други ДОО експорт-импорт Кавадарци и давање на трајно користење на Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт СКИ ЦЕНТАР МИХАЈЛОВО ДООЕЛ Кавадарци, без надомест;

1 против. 16 за.

67. Предлог-Одлука задавање на времено користење на Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт СКИ ЦЕНТАР МИХАЈЛОВО ДООЕЛ Кавадарци, без надомест.

Ратрак и ски санки. Од Кожувчанка 1 против. 16 за.

68. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за примање донација материјални добра и услуги од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци.

69. Предлог-Одлука за проширување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година.

Едногласно.

Почитувани колеги стигнавме до последната точка. Јас ќе ве замолам за 5.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Претседателе може збор да земам за точките. Јас сакам да се заблагодарам на советниците за гласањето на последните 6 ,7 точки, поготово во делот за донациите. Значи Кожувчанка, Комерцијална Банка, Градба Промет, МЕПОС Оператива, Ас Машини, Томи Шпед, Анел Мак и претходни фирми што ги имавме за донација Градба Промет значи ние имаме донација од 450 000 евра. Со 450 000 евра направивме ски стаза и ски зона и притоа бесплатно овозможуваат овие компании ЈП Јасмин да користе ратрак, санки и целовкупна друга опрема која што ќе ја поседува ЈП и нашите најмлади и од околината и од Кавадарци и деца и стари жители и независно како, ќе рекреират во една ски зона и како што ќе потенцирам и кажам од времето на Југославија прва ски зона што се праве за 4 месеци и многу ми екриво што советникот од Левица гласа против овие работи, не дека се чувствувам неубаво, а јас сум сигурен дека не мислиш така ти. Сакам да ми аргументираш и да ми кажиш што е тоа против. Значи против да се напараве ски стаза, против да се даде бесплатно на децата да скијат, против да се даде донација. Мислиш дека во се има задна намера и скриено нешто. Па Круме ти ако беше женско немаше да се омажиш никогаш. Значи зошто да живееш во параноја и да живееш во задна намера. Тоа е благодет да живееш во Македонија. Значи вашето постоење на партијата вика Да не се развива општината, да не се граде ништо, а сега на 50-та точка имаш 105 амандмани, на некој начин ја силуваш демократијата у Општината за да публицитираш и земиш два гласа, а сега изгуби 2000 гласа. Значи некоректно е како жител на Општина Кавадарци зошто да бидиш против за нешто што е добро за сите и што го поздрави цела Македонија, од Гевгелија човек, до Гостивар како да ти кажам. Сакам да ми аргументираш. Стварно скама да аргументираш за да знаеме другпат да не ја правиме грешката ако е грешка.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Градоначалник јас 3 години сум советник тука и не знам дали имате забележано, ама јас за сите донации од приватни фирми сум гласал против досега. Зошто. Заради тоа што имаме низа на примери каде што има задни намери и да оправдана е мојата параноја заради тоа што живеам во држава како што е Македонија, каде што две партии ја направија државата да бидиме сите подложни на параноја. Зошто. Последен случај беше за Цементарница Усје која што постојано дава донации, на сметка на тоа да општините молчат за тоа што го прават они, а знаеме што прават они, постојано ја загадуват

околината и ги трујат Скопјани. Аналогно на тоа кај нас во Општината одреден период не се знае каде почнува Општината, а кај завршува Општината и кај почнува приватна компанија и кај завршува приватна компанија. Многу се испреплетија тие две работи кај нас и заради тоа сметам дека мојата параноја како што ја опиша ти е целосно издржана.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници пред да преминиме на последната точка од денешниот дневен ред би ве замолил за 10 минути пауза, искрено заради мене, заради тоа што цел саат читав и мала пауза. (Пауза)

Последната точка од денешниот денвен ред. Тоа е

70. Предлог-Одлука за донесување на Конечен Предлог Детален Урбанистички План за УЕ 11, ДЕЛ ОД БЛОК 11.1, „МИЛЕ ВЧКОВ"КО КАВАДАРЦИ ГРАД, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, плански период 2020-2025.

Со последната точка од денешниот дневен ред имаме добиено од нашиот колега советник Круме амандмани, мислам дека 101 беа на број. Значи за амандманите се одлучува пред да се расправа по предлогот на Одлуката на која се однесува амандманот. Тоа е член 157 од Деловникот на работа. Значи за секој амандман се води посебен претрес на седницата на Советот и во основа законот го нуди тоа. Повели Николов.
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитувани колеги согласно Деловникот за работа на Совет на Општина Кавадарци на предлагачот на амандманите му се дава правото да се изјасни по истите согласно член 155 од Деловникот, но бидејќи сите 101 амандман се однесуваат за една иста работа , истоветна содржина, се менува само планскиот период кој што е надвор од законската рамка , односно се предлага да биде повеќе од 100 години планскиот период, а знаеме дека планскиот перуод законски е 5 години, предлагам од тие причини времетраењето на произнесувањето да се ограничи на 1 минута и барам предлогот да се ставе на гласање.
СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ:Заради тоа што станува збор за филибастеринг очигледен, не се суштински амандманите , туку се работи за филибастеринг за да се спречи процесот на донесување на оваа одлука јас не би прифатил такво нешто и доколку донесете таква одлука вие мнозинството за да ми го скратите рокот на, мислам времето на излагање по секој амандман на една минута тоа јас би го сметал како дел од шверцот на оваа одлука и кршење на моето право како советник за што би било поднесено и претставка до Инспекторатот за Локална Самоуправа.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Предлогот процедурален на Перо Николов го ставам на гласање. Кој е за. 11 за. 6 воздржани. И двајца против.
Во ред преминуваме кон реализација на првиот амандман.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Јас одбивам да ги бранам амандманите во временската рамка вие која што ми ја дозволувате. Јас не сум кловн, значи член на Општина Кавадарци сум. Има цел зошто барам да бидат тие од 3 минути излагањето за секој од амандманите, така да одбивам јас да ги гласам по ваши услови, мислам да се произнесувам по ваши услови за амандманите.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Момент советниче. Бидејќи амандманите имаат иста содржина и иста форма само различна е годината нема никаква суштина на самите амандмани. Дали сум јасен.
СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Јас бев јасен дека станува збор за филибастеринг и кочење на постапката која што не е во соодветност со барањето на граѓаните, така да одбивам јас по ваши услови да ги бранам амандманите. Амандманите и јас сам кажав дека не се суштински. Станува збор за филибастеринг. Одбивам да бранам по ваши услови.
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОРОТ ЗА ПРАВНО НОРМАТИВНИ И ОПШТИ РАБОТИ ЛЕНЧЕ ЧИРКОВА: За времетраењето на изнесувањето на предлагачот на амандманите не е определено во законот. Тоа е одлука на мнозинството од советници овде. Заради тоа нивната одлука ќе се почитува, вие доколку не сакате да образлагате по амандманот ќе се оде на гласање на секој поединечно доставен амандман. Тоа е согласно член 158, значи се гласа по редоследот како се поднесени по деловоден број. Ќе се оде на одлучување и гласање по амандманите. Ќе се запазе деловодничката процедура од член 158.
СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Значи ако мнозинството одлучи да си ги гласа амандманите на таков начин, нека си ги гласа. Тоа е нивна одлука. За ваквото мое кршење на правото на советник за произнесување по амандманите во временска рамка која што ми е мене потребна јас ќе поднесам претставка до Инспекторатот за Локална самоуправа.
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОРОТ ЗА ПРАВНО НОРМАТИВНИ И ОПШТИ РАБОТИ ЛЕНЧЕ ЧИРКОВА: Времетраењето уште еднаш ќе потенцирам на предлагачот на амандманите не е утврдено во Деловникот и затоа се гласа со одлука на Советот. Никаде не пишува во Деловникот ни 10 минути. Значи се произнесувате дека не сакате да ги.
СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Не, јас се произнесувам како што се произнесувам.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ајде почитуван колега повели 3 минути. Ајде. Повели. Ќе ја прегласаме ајде.
СОВЕТНИК ФИЛИП ТАСЕВ: Процедурално. Претседателе процедурално ако може. Давам предлог да се образложува 3 минути по амандман.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Добро. Ајде кој е за. Ајде повели. 12 за .
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Претседателе само доколку се образложени амандманите по нивната точка и ако зборува за амандманот, освен би сакал да се држе образложувачот на амандманот по основ на амандманот, не сакам да слушаме прикаски за Индија, Австралија и Океанија. Доколку има суштинско образложение за амандманот би го сослушал..
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Во ред значи почитувани колеги одиме гласање амандман по амандман. Насоката наша точно 3 минути. Максимумот е 3 минути. Значи почнуваме по деловоден број 4681/1 примен на 03.12. 2024 година.
Во продолжение на седницата од страна на советникот Круме Богевски следеше образложение на поднесените Амандмани и тоа за секој Амандман излагањето беше ограничено на 3 минути и после секое негово излагање за одредениот Амандман беше гласано по истиот од страна на советниците со 5 воздржани. 2 за. 12 за.
Од поднесените Амандмани се започна со излагање и гласање по истите од Амандман бр 6484/1 , а се заврши со Амандман бр. 6585/1 или по оваа точка од 50 Седница на Советот на Општина Кавадарци беа образложени, гласани од советниците и отфрлени вкупно 101 Амандман поднесени од советникот Круме Богевски.

Подетално овие Амандмани може да се преслушаат од приложената тонска снимка од 50 Седница на Советот на Општина Кавадарци.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи би и дал збор на Раководителот на секторот Урбанизам за појаснување на нас како советници и на јавноста, на жителите на Општина Кавадарци околу хронологијата на настаните за ДУП-от Миле Вчков. Повели Александра имаш збор.
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНИ РАБОТИ, УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА АЛЕКСАНДРА ДЕНЕВСКА: Почитуван Претседател на Совет, почитувани советници, почитуван Градоначалник и останати присутни. Во однос на денешната точка која е ставена на гласање за донесување на Детален урбанистички план за ДУП Миле Вчков, со плански период од 2020 до 2025 година, како Сектор за урбанизам преку постапката за донесување и спроведување на деталниот урбанистички план, би сакала да направиме еден краток историски преглед на развојот на ДУП Миле Вчков. Согласно предходниот ГУП кој што е наважечки, значи на подрачјето од улицата

Страшо Пинџур и Тиквешко Востание и во претходниот Генерален урбанистички план има домување во колективни стамбени згради. Во 2019 година е донесен нов ГУП, каде што во улицата Страшо Пинџур и Тиквешко Востание домувањето во стамбени колективни згради останува, и домување во стамбени згради има и на делот од улицата Миле Вчков. Според важечкиот план кој моментално е важечки за Миле Вчков сите згради по должината на Страшо Пинџур и Тиквешко Востание се стамбени колективни згради со висина од приземје и три спрата плус подкровје, каде што исто и во ДУП кој сега е ставен на гласање значи визината на објектите останува иста по должината на Страшо Пинџур и Тиквешко Востание, висината е приземје плус три ката плус подкровје во предниот фронт, а во делот спрема куќите висината е приземје плус два ката плус подкровје. Од предходниот детален урбанистички план мислам моменталниот што е важечки и од тој што се носи разликата е во делот на улицата Миле Вчков каде што според важечкиот сегашен ГУП во овој дел на улицата Миле Вчков има предвидено колективно домување. Улиците би сакала да кажам вчера имаше прашање околу ширината на улиците, улицата во моменталниот важечки план кој што е ставен на гласање и важечкиот моментално детален урбанистички план за Миле Вчков е иста, значи нема проширување на коридорите. Сега вака еден преглед како се одвива носењето на ДУП. На 20. 02. 2020 година е добиена иницијатива од Општина Кавадарци од фирмата Фиве Стар Билдинг преку Проектантското друштво Дизајн Центар за отпочнување на ДУП. Иницијативата е одобрена на 39 –та седница на Советот на Општина Кавадарци на 13. 03. 2022 година. Потоа од страна на Општина Кавадарци има поднесено барање до проектантот за предлог планска програма. Предлогот за одобрување на планската програма од страна на комисијата е донесен на 11. 06.2020 година, каде што со потврда за одобрување од страна на Градоначалникот е одбрена на 11. 06. 2020 година. Потоа се започнува по одобрена планска програма, има барање за отпочнување на изработка на план на 12. 06. 2020 година. Во постапката кога се собираат податоци, информации и мислења од страна на планерот за отпочнување на планот, во меѓувреме има известување за отповикување на полномошно каде што се менува од Дизајн Центар, постапката продолжува да ја води Перкан Проект. Предлог урбанистичкиот план до комисијата е доставен 2022 година, на 13. 07. По позитивно мислење од страна на стручната комисија за постапката да продолжи понатаму, првата јавна анкета и јавна презентација е распишана на 22. 07. 2022 година. По изготвени записник, извештај и заклучок од комисија, од страна на комисијата е утврдено дека има потреба од повторување на повторна јавна анкета и јавна презентација која е на 20. 03. 2023 година. Втората јавна анкета и јавна презентација е распишана на 12. 05. 2023 година за која исто така има изготвено записник од комисија, извештај и заклучок од комисија дека има повторување на јавна анкета при што е распишана трета јавна

анкета и трета јавна расправа на 13. 11. 2023 година. По завршена трета јавна анкета, добиена стручна ревизија од страна на Општина Кавадарци планот е пратен во министерство односно е поднесено барање за добивање на согласност на 28. 12. 2023 година. Од министерството е вратено неиздавање на согласност со забелешки и на 26. 01. 2024 година, при што корегираниот урабанистички план по забелешките од страна на планерот е вратен на 14. 02. 2024 година. Потоа има заклучок од комисија дека нема потреба од повторување на јавна анкета и јавна презентација, има добиено позитивни мислења од институциите и повторно по втор пат има барање за согласност доставено до Министерството за транспорт и врски на 27. 05. 2024 година. Меѓутоа додека предметот е во Министерството за транспорт и врски, до Транспорт и врски има стигнато претставка од група граѓани со наводи дека постапката не е законски водена, при што министерството на 15. 07. 2024 година предметот го враќа до кај нас да се произнесиме за забелешките кои ги доставуваат групата граѓани. По наш одговор до Министерството за транспорт и врски Општина Кавадарци поднесува барање за повлекување на урбанистичкиот план до МТВ на 22. 08. 2024 година, и комисијата носи заклучок дека има потреба од повторуање на јавна анкета и јавна презентација. Значи четвртата јавна анкета и јавна презентација е распишана со цел да се даде поголема траспарентност на граѓаните, инаку постапката можеше да заврши со три јавни анкети. При што на ден 23. 08. 2024 година е распишана четвртата јавна анкета и јавна презентација. Врз основа на јавната анкета и јавна презентација се изготвени записник, извештај и заклучок од комисија, извршена стручна ревизија, добиени сите мислења од институциите, и барањето за согласност до Министерството за транспорт и врски е испратено на 04. 10. 2024 година. При што согласноста од Министерството за транспорт и врски е издадена на 07. 11. 2024 година. Исто тука сакам да напоменам дека во сите претставки кои беа до Министерството, значи цело време Општината е обвинувана дека незаконски е спроведена јавната анкета. Според Законот за просторно и урбанистичко планирање член 35 јавната анкета треба да биде објавена во две јавни гласила. Меѓутоа за да биде потранспарентно во сите јавни анкети странките се известени или преку известувања по пошта, или преку Мој општинар, некои се викани и телефонски кои сите имаат по неколку пати идено во Одделението за урбанизам, каде што во самиот систем има потврди од јавните гласила дека е распишана јавната анкета, а дека има масовна посетеност на јавната анкета и јавните презентации потврдуваат списоците кои се водеа за време на јавната анкета и каде што жителите, сите станарите во опфатот на Миле Вчков се потпишани во голема масивност Па на последната околу 40 мислам дека има потпишано на последната јавна анкета. Исто така што се однесува до висината сакам да напоменам дека разликата во сегашниот план кој што се носи меѓу стамбените колективни згради и индивидуалното домување е во висина од 3

метри, значи индивидуалните семејни куки се со висина дозволени до 10,2 метри, а колективните стамбени згради се со висина од 13,5 метри, односно тоа е разлика во еднospратна висина. Коридорите на улиците како што реков се задржани по предходен план, нема промена на улици, на главните улици, односно стамбените и сервисната улица Тиквешко Востание.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Во ред благодарам Александра за вашето излагање .Повели Градоначалник.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас само би се надоврзал на Секторот за урбанизам и просторно планирање. Значи една општина, урбана општина , еден град се состои токму од планското планирање, ГУП, ДУП –и и нормално планови вон опфат или планови за села. Мора да бидеме свесни и да ни е јасно и како функционери, меѓутоа и како луѓе, а пред се како советници дека еден урбанистички план има важност од 5 години. После 5 години треба да се донесе нов урбанистички план, без разлика дали од тоа има потреба или нема. Доколку има иницијатива од соодветни лица, односно лица кои што имат таму свој имот или катастерски парцели. ГУП има трајност 10 до 15 години . Тоа со закон е пропишано, не заради друго заради развојот на општеството и развојот на градовите за да тој урбанизам движи. Урбанизамот кој што се работи на ниво на држава е толку ригорозен и толку комплициран како што и сами слушнавте, истиот план е почнат од 2020 година, 5 години да стигниме за да добиеме согласност конечна за еден план, што не би требало тоа да биде така пракса, меѓутоа заради комплексноста на носењето на плановите, обемната документација, бирократската документација да не кажам, планови се носат по 5, по 6, по 7 години. Сето тоа не дава можност за развој или можност за адаптација или можност за изградба на нешто друго и многу луѓе се осмелуваат да градат дивоградби . Ние ако се стеиме назад 2010 година е донесен Закон за дивоградби, легализации 2017 продолжена на некаков начин, а сега на оние што сакат да градат легално по 5 години му ги водиме постапките, ги мотивираме буквално да градат дивоградби. Ние како општини и тоа и на ЗЕЛС го разговаравме треба да имаме потранспарентни, односно побрзи и поотчетни постапки за секоједен што има иницијатива. Замислете за 5 села, односно 8 села кој што ги почнал претходникот мој градоначалник заедно со Сектор за

урбанизам 2015 Дабниште, Бегниште, Дреново, Гарниково, не знам уште кои не уште две села не ни се завршени со урбанизација. Тоа е многу лош показател дека треба да се обрне внимание. Од друга страна густината на населението, запазеноста на зеленилото, запазеноста на одалеченоста од една до друга парцела и самата висина на урбанистичките планови или на деталните маркици, нит Градоначалник може да даде плус минус, нит пак можам да дадам намена која што како намена можам јас да ја злоупотребам, а пак најмалку урбанистите од Општина Кавадарци или било како. Законите се јасни, прочистени и не знам ако не е урбанизацијата и ако не усогласувањето, а правото на сопственост е загарантирано во ваа држава. Ние сега треба да му го одземиме правото на сопственост на некој или правото на градење затоа што ние поинаку мислиме или некој друг мисле поинаку. Ќе спомнам и ќе кажам дека во деновиве како што кажа и советникот од Левица е поднесена лажна кривична пријава. Добро тоа ќе го докажиме дека е лажна со лажни фотокопирани потписи каде што денеска, искрено ти зборам, денеска 4 особи што е приложен списокот на поднесувањето на кривичната пријава 4 особи дојдоа во урбанизам и кај мене и ни кажаа дека овој потпис не е мој, а некои потписи што се нивни, овој потпис не е за кривичната пријава, овој потпис е само за урбанистичкиот план. Не е тоа лажно фотокопирање на потписи и давање при поднесување на кривична пријава од група граѓани. Тоа е класичен фласификат, класичен, за тоа некој ќе одговара, ви гарантирам. Значи тие потписи луѓето ќе си дадат изјава, никој не ги силува за нешто, самоволно, самоинцијативно дојдоа, затоа што пријавата кривична е поднесена за несовесно работење од одредена личност во Општината, а тоа без разлика дали е раководител, дали е советник, јас го рачунам исто како да е против мене како Градоначалник и стојам позади тоа дека не е тоа така и дека 4 јавни анкети се извршени и една е плус екстра направена само за да удоволиме нечии си страсти. Да бидиме објективни и на никој не сакам да му ја загрозиме ниту безбедноста, ниту комфорот на живеење, ама на некој да му се стемне за на некој да му се осамне и тоа не сакам да го направиме. Значи да си биде објективно, да секој во рамки на своите законски можности си направе тоа што му е дозволено според законот. Кој како си

гласа за планот си е индивидуално убедување, нема партиска директива, ни од една, ни од друга страна верувам дека има индивидуално убедување. Индивидуалното убедување и дигањето на популизам Круме не мине како во Скопје. Кавадарци не е презаситен град и не се граде мегаломански и не се граде со урбана мафија како во некои делови како што е Скопје. Ако сакате да се вратите во првобитно време напрајте и колиби. Напрајте и колиби. Продајте ги колите, купите и магариња. Не знам кој ќе ги пасе. Еве советници има, Градоначалник ќе ги пасиме. Ако сакате да движиме напред, да движиме. Има зелени површини за магарињата. Нема кој да пасе само кај нас. Мене ми е многу битно како Општина, само едно да знаете носењето на секој урбанистички план Општината има обврска во рок од 5 години да го спроведе, да знаете инфраструктурно и комунално и тоа ние го почитуваме и го правиме, асфалтирање, атмосферски и канализациони мрежи, фекални колектори, водовод, улично осветлување, тротоари итн. Тие пари што се зимаат од комуналии се плаќат се за уредување на комуналната инфраструктура околу тој објект и за самиот објект. Не држе вода некакво вештачење кое што некој го направил, дека цевката за канализација била Ф200 и сега нема да биде доволна за зградата. Е такво е вештачењето. Димката Анѓелот Габерот е едно од најстарите школи или најстаро школо оваа година имаме 19 прваčиња. Ја верувам дека со градењето на една зграда, која што не ни зграда со 3 спрата ќе се вселат млади брачни парови и мислам дека и на школото ќе му се даде поголема димензија. Така да развојот на градот покрај тоа што енормно се развива накај новиот центар, не треба да го заборавиме и овој дел од градот кај што и претходно било уцртано А2. Сакам да повикам на неполитиканство, еве пр. советникот од Левица си исцрпи сиромашкиот со 105 амандмани, никој не го разбра ништо и сам кажа дека не се суштински него дека е негово демократско право за да, еве сега јас решив денеска да ве гњавам. Направи еден прес, кажи му на луѓето тоа што треба да слушнат Луѓе тука има таков и таков проблем, едноставно, ќе те разберат 5 пати поубаво. Не може сега ни еве против УП Бел Камен, против УП Силекс, против УП Миле Крстев. Е за кој план сме за. Значи ако ви мислите ваа држава да ја кочите вака у спреги и да не оде

напред не е во ред. Не е во ред, затоа што мислам дека треба да имаме развојна компонента. Ако 80-те години не се направила топилницата Фени, не се изградило Кавадарци како што се изградило тогаш, од хотел, до згради, до триста чуда ќе било село. Затоа сакав да ви кажам дека требе инфраструктурно да се граде домаќински. Ако у моментот го имаш Холидеј Ин како хотел, се граде мол кој што ќе привлече и туристи и гости и трговија. Ако имаш бензиска пумпа Шел, единствена во Македонија град што има бензиска пумпа Шел, град не зборам автопат, го имаме Лукоил, ја имаме Окта, ја имаме Гала, имаме незнам Макпетрол и уште една приватна пумпа. Ниеден град нема толку пумпи. Конкуренција има тоа е добро. Развојната компонента на еден Градоначалник и советник е да створе конкуренција. Ако го створе и монополот е многу лесно. Ќе го направиме како Кратово да биде. Ако имаш некој предлог советниче после за нафта ќе го предложиш, ќе го кажиш и да ја гледаме големата слика дека треба да ја изградиме заобиколницата, дека треба да ја изградиме гасификацијата и дека треба и колективното и индивидуалното домување да биде овозможено во делот на Општина Кавадарци. Општина Кавадарци е општина кај што е посакувана од секоједен и најмалку критикувана од луѓе што доаѓаат од страна, а овој сега што пред малку што испадна, што вика бетонизирана дека била општината, да бетонизирана е во делот на транспарентност, отчетност и само така ќе оде напред. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Сакам јас да земам едно мое мислење околу Генералните и Деталните Урбанистички Планови, впрочем нашиот Вице Премиер за економски прашања и актуелен министер за транспорт и врски еден од проблемите кои ги воочи при седнување во неговото министерско столче е токму евентуалното размислување за промена на Законот за урбанизам. Причина за тоа е отежнатиот пат на донесување на ГУП и отежнатиот пат за донесување на ДУП. Еве јас лично како Претседател на Совет ќе упатам едно прашање до Градоначалникот Во негов мандат колку ГУП-ви Градоначалник се донесени. На Кавадарци. 1. Добро. Вие сте Градоначалник 7 години. Еден Генерален.

ГРАДОНАЧАЛНИК: ГУП беше почнат пред моето доаѓање, беше во фаза на ажурирана подлога, но не и изработен и успеавме за две години да го имплементираме.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Токму така. Токму во тој правец бидејќи е увидено дека токму овие развлекувања на Генерални и Детални урбанистички планови прилично долг временски рок заземаат негова заложба, тоа е јавно лиферувано на јавни медиуми дека како Министерство за транспорт и врски ќе се заложат на Влада да извршат промени во Законот за урбанизам каде што тие рокови за промена на детални, генерални урбанистички планови ќе се скратат, се во интерес за развој на градбата и развој на потикот на градежништвото и развојот на самата држава воопшто, така да да се надеваме дека во тој план ќе имаме некои позитивни промени и движења. Тоа беше мое мислење. Повели некој друга дали бара збор. Прво Круме, па Ристе.
СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Благодарам Претседателе. Денес се наоѓаме пред важна одлука која има долгорочни последици врз урбанистичкиот развој на нашиот град одлуката за изгласување на ДУП-от Миле Вчков не е само административен чекор, таа е индикатори за тоа дали ние како претставници на граѓаните навистина се грижиме за јавниот интерес. ДУП-от Миле Вчков предвидува значително зголемување на колективното домување во дел од градот кој веќе има оптоварена инфраструктура. Овој План изгледа како уште еден обид да се фаворизираат приватни интереси на градежните компании кои ќе профитираат од продажбата на станови, додека вистинските проблеми на локалната заедница се занемаруваат . Дозволете да прашам Како планираме да згусниме стотици, па дури и илјадници жители во овој дел од градот кога немаме гаранција дека инфраструктурата ќе го издржи ни тековниот сообраќаен метеж, ниту недостигот на паркинг места. Кој ќе ја реши ситуацијата со тесните сообраќајници кои веќе сега се тесно тесно грло за сите нас што минуваме низ овој дел од градот. Администрацијата тврди дека инфраструктурата ќе биде прилагодена на потребите на новите згради, но кога. Дали ова значи дека планот ќе се донесе, но реалните инфраструктурни проблеми ќе ги оставиме за некоја иднина што никогаш нема да дојде. Пренаселеноста е сериозен проблем со кој се соочуваат многу градови. Гледаме примери низ целиот регион како што е

проектот Загребчанка во Загреб, каде што плановите за урбанизација се водени од интересите на приватните инвеститори. Таму како и тука инфраструктурата не беше адекватно планирана за да го издржи згуснувањето на населението. Таму како и тука жителите се принудени да се соочуваат со сообраќајни метежи, загадување, недостаток на зелени површини и пад на квалитетот на животот. Што ќе се случи со граѓаните на Кавадарци кога оваа област ќе стане преполнета со згради, без доволно јавен паркинг, без доволно зелени површини, без пристојни пристапни патишта. Што ќе им кажеме на оние кои веќе живеат тука и кои секојдневно ќе ги трпат последиците од нашите одлуки т.е. од вашите одлуки . Она што е особено загрижувачко е дека изгледа како да се игнорираат приоритетите на граѓаните, а се фаворизираат интересите на инвеститорите. Овој Урбанистички План нема за цел да го подобри животот на жителите на Кавадарци, туку да го максимизира профитот на неколку градежни компании. Како советници наша прва одговорност е кон граѓаните. Затоа наместо да дозволиме инвеститорите да ја диктираат иднината на Кавадарци мора да се бориме за транспарентно и одговорно урбанистичко планирање. Ова значи планирање кое става акцент на јавната инфраструктура, пред да се донесе било каква одлука за изградба, развој кој ќе осигура дека квалитетот на живот на постојните жители нема да се влоши и вклучување на јавноста во сите фази од процесот. Не смееме да дозволиме да се донесе уште еден урбанистички план кој ќе ја продлабочи пренаселеноста и ќе го влоши квалитетот на животот во Кавадарци. Ако ја изгласате ова точка денес без гаранции за соодветна инфраструктура и без почитување на јавниот интерес, вие ќе бидете одговорни за проблемите што ќе произлезат од оваа одлука . Ве повикувам последен пат да размислете за вистинските последици на оваа одлука да не дозволите профитот на малкумина да биде штета на целиот град. Ви благодарам.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Реплика мала. Значи Левица обично е надвор од верските институции. Сега јас како некој свештеник ми зборуваш искрено да ти кажам. Ова е класично додворување до сите како свештеник и убедување во нешто што ти си убеден, така да мислам дека нема потреба од ваков вокабулар, дури еве гледам луѓето солзи на очите му дојдија. Пренаселено било

Кавадарци. Што правиме во Токио. Правиме ние инфраструктура. Правиме и ќе правиме. Цело време кажувате како не бива, а како треба да биде никогаш не кажувате. Никогаш.Една идеја немате како Левица или како вакво, да кажиш Еве вака не бива, ај да го направиме вака. Значи критиката е легитимна и ја прифаќаме ако е аргументирана. Не убедувам никој да гласа или да не гласа и нема да проповедам како ти што проповедуваше да размислат или да замолам да биде вака или да биде така. Секој по сопствено убедување еве што си заколнат пред Уставот и пред Законот за Локална самоуправа.

СОВЕТНИК ФИЛИП ТАСЕВ: Почитуван Претседател на Совет, Градоначалник, служби, медиуми, колеги советници, значи на денешната седница како предлог точки кои што ги гласавме денеска имавме Нацрт ДУП Градба Промет, Брушани, Рајко Жинзифов, Младински, значи имавме 4 урбанистички планови, а од Левица немаше ниту еден амандман. Зошто. Значи се гледа дека е класично ловење на политички поени за Урбанистички план Миле Вчков. Ништо друго. Ќе ловиме политички поени на некои незнам, ни како да кажам. Колега и уште една работа само ќе кажам. Се развива новиот центар, во Гоце Делчев школото има деца запишано во првоодделенчиња. Се развива Желков Дол или Кавадаречки Дол или Коњски Дупки, како сакате речите, има дечиња во Тоде Хаџи Тефов. Се развива паркот, се развива, има дечиња во Страшо Пинџур и во Тошо Велков Пепето. Е колега јас сум од оваа урбана заедница кај што се носи вија ДУП и ја утре моите деца сакам да учат во Димката Ангелов Габерот, заедно со други деца, затоа мора да има развојна компонента вија град и мора да го развиваме Кавадарци како што треба да го развиваме, а со ваквите политики од ваша страна за ловење на ситни политички поени, без никакви аргументи не одите никаде и не знам и наредните избори како и ќе се појавите пред граѓаните без никакви конкретни решенија во овие 4 години за ниедно прашање досега.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Почитувани колеги ова тема треба сите по малку да ја дискутираме, али добра работа е тоа што Градоначалникот кажа дека нема да води страна и дава слобода секој советник да гласа кој како сака и тоа во демократијата е добро. Многуте добри работи што ги правевме во минатиот

мандат и овој сега се носење на генерални планови, детални планови тоа е за поздравување. Се восхитувам доле по реката кога гледам згради каде што беше запуштено. Лично мојот став мора да го соопштам пред граѓаните и ова што зборувам е во име на граѓаните и од мое лично име. За ова Миле Вчков улица 10, 20 луѓе ми рекоа Не сакаме овде и еден, двајца да. Моето мислење, мојот став јавно ќе го соопштам пред јавноста дали на некој ќе му се свиѓа или не нема да гледам. Ова улица тука е блиску до училиште и до Општината и ние треба 3 години да лупаат багери, да копааме, значи овој дел ќе биде мртов. Не добро. Значи едната работа е тоа што не сакам да се руши, да се прави, другата работа е Кавадарци има опфат голем, со ГУП што го носевме и тој дава простор да градиме во периферија. Е сега дискутабилно е тоа што баш овде да се прави. Секаде каде што сме оделе централното градско подрачје било заштитено, стари градби, кафиќи и некои локали мали. Тука да, се пренатрупуваме од 4 стана ќе станат 40 стана, имаме едносмерна улица. Треба 50 коли да влезат во лифт доле во земја и да излезат од сабајле, саат време ќе чекаме и поручек уште еден саат. Тоа значи дека доле до мостот ќе имаме коли и ќе имаме застој. Значи тоа сакале, нејќеле така ќе биде ради тоа што тија 40 коли во лифт да влезат и да излезат за пет минути се толку 3 саати колку што колегата читаше овде на говорница. Метеж. Проблем ќе правиме. Другата работа. Градоначалник ти знаеш 100 луѓе да ми речат бело, јас ако мислам црно, црно ќе биде. Градоначалниче се продавам за ѓеврек. Е вака Градоначалник. Сме имале ја и ти работа со претходниот мандат со потешки работи, со легализации со големи фирми, мојот став знајш ти е непоколеблив. Ако треба и против тебе и против тебе, макар ти си последниот што би одел против тебе, за ти го правам ќеифот јас ќе гласам како што ти сакаш. Али јавно ќе го соопштиш тука. Вака колеги. Тогаш по мое. Колеги една препорака на Градоначалникот, ја гледаат овде 40 000 луѓе и они зимаат став како што зима Градоначалникот. Тој вика Гласате кој како сака, ама дава препорака и насока во еден правец. Тоа е проблемот. Сега мене ми е жал што 10-те советници од ВМРО сакале, нејќеле мора, атер на султанот да прават . Градоначалник ти си султан сега. Е вака колеги, за да скратиме колеги кажав дека овде има училиште треба багери да

копаат, штети, во Општината ние советници не вознемируваат на седница може да носиме лоша одлука, багери ќе ни тропаат, нема да има улица каде да се оди, кога ќе направиме 40 стана, 40 коли ќе се паркираат до мостот ќе биде затнато и мојот став е сигурно дека ќе гласам против, ама и друга работа имав голем проблем со легализациите, имав проблем со Секторот урбанизам, свака час на некои, ама дел од нив имавме спротивставени мислења кога во легализацијата пречекорија со овластувањата, нема тоа да го враќаме назад и друго сега ако овие луѓе што прават тука за да прават зграда каде што Градоначалник правевте вие доле и таму станот го продававте 650 или 700 евра од квадрат, а овде е 1400, екстра профитот мене ми е многу битно како поискусен советник да ги прашам моите колеги Колеги тија екстра профитот од вредноста на станот што е од 400 евра до 800 е ок, а од 800 до 1400, па е океј за некој, за мене не е. Мене ме интересира дека и екстра профитот негде оде. Е кај е. Кај мене не е. Епа колега оти не знате, јас знам, ама нејќам да го зборам оти ќе ми кинат главата. Нема да го кажам. Ќе размислуваме сите. Претседателе знам дека и тебе ти е јасно дека екстра профитот од 800 евра до 1400 оде некаде. Колеги ај вака. Ако ни дадат на сите 20 по еден стан од 800 евра и сите да бидеме едногласни да го гласаме да се прават згради, да речиме не отиде екстра профитот во некоја урбана мафија и бизнисмени отиде кај советниците, па нека биде така и тогаш океј ќе гласам, ама не е баш така. И затоа мојот став е против. Значи мојот став ќе биде против, али ова колега што го кажувам дека најмногу ме боли тоа што децата во школо треба да одат, а има метеж од коли, нема да може да помине преку улица. Тоа што Градоначалник овде во Општина дури од администрација твоја, наша администрација макотрпно работи, овој со багер му тропа, ќе направе грешка, од ваа што ја направиле уште поголема и тоа ми е проблем. Плоштадот ама ако ни дадат нас, тебе трети, мене седми мандат не е чудо ни и зграда да направиме на плоштадот и од тоа народот се плаши и треба да бидат претпазливи. И затоа Градоначалниче искрено према ваша волја и волја на овие луѓе што денеска и вчера и некња 10-тина луѓе бараа од мене да гласам против, јас ќе бидам против. 20-те ама 10-те ги ставам за Градоначалникот, 10 за мене. Значи ќе

бидам против. Али лично мој став. Не давам насока јас како Градоначалникот што ви дава насока да идиш лево или десно. Мојот личен став е против. Градоначалник благодарам.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани колеги дали некој друг бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката, последната точка од денешниот дневен ред ја ставам на гласање. Ве молам седните и сакам да се пребројме. Значи последната точка од денешниот дневен ред тоа е Предлог одлука за донесување на конечен Предлог ДУП УЕ 11 дел од Блок 11.1 Миле Вчков КО Кавадарци, Град Општина Кавадарци Плански регион 2020-25 ја ставам на гласање. Ве молам кој е за. 11 за . 3 против. И 5 воздржани.
Со тоа ја затвораме 50 Седница на Советот на Општина Кавадарци. Ви благодарам.

Изработил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов